МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 162 став 8 од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ВЕРИФИКАЦИСКИ ТЕЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Регистарот на овластените верификациски тела.

Член 2

(1) Регистарот на овластените верификациски тела (во натамошниот текст: Регистар) се води во форма на книга со тврди корици со црвена боја и димензии 30 x 21 на евиденциските листови кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

(2) На предната старана на корицата на книгата од ставот 1 на овој член е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани со златни букви следните зборови: Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопнаство и Регистар на овластени верификациски тела.

(3) Во евиденциските листови се внесуваат следниве податоци:

- горе лево се отпечатува реден број под кој се евидентира овластеното верификациско тело

- во средина на листот се отпечатува евиденциски лист Во табелата се отпечатени следните податоци:

- деловоден број на поднесеното барање за упис во регистарот;

- датум на поднесување на барањето;

- назив на овластеното верификациското тело;

- матичен број на овластеното верификациско тело;

- адреса, телефон и e-mail на верификациското тело;

- број, датум и место на издавање на решението за овластување;

- број, датум и место на издавање на решението за акредитација;

- забелешки

(4) Регистарот се води електронски и во пишана форма.

(5) Формата и содржината на Регистарот е дадена во Прилог 1 и Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-6562 Министер,

19 јули 2011 година Љупчо Димовски, с.р.

Скопје

Прилог 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАР НА ОВЛАСТЕНИ ВЕРИФИКАЦИСКИ ТЕЛА

Прилог 2

Реден бр.________

Евиденциски лист

| Деловоден број на поднесеното барање за упис во регистарот | Датум на поднесување на барањето | Назив на овластеното верификациско тело | Матичен број на овластеното верификациско тело | Адреса, телефон и e-mail на верификациското тело | Број, датум и место на издавање на решението за овластување | Број, датум и место на издавање на решението за акредитација | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |